## ЗАВРШЕН ПРОЕКТОТ : „ШТЕДИ ВОДА   ЗОШТО Е ВО МОДА“

Во рамкте на Програмата „Немаме резервна планета“ , Еко - училиштето Тоде Хаџи Тефов - Кавадарци го реализираше Проектот: „Штеди вода-зошто е во мода“.Со Проектот училиштето доби 1000 евра за замена на старите чешми во тоалетите во училиштето со еконоимични  ударни чешми и старите дотраени казанчиња со економични казанчиња на две нивоа.Финансиите се обезбедени од  Здружението на граѓани  „Охо“ и Швајцарската агенција за развој со кого училиштето  соработува веќе 4 години.Проектот се реализираше  од  февруари/2012 година до октомври  / 2012 година.

Целна група се учениците, и целокупнатаучилишна како и локалназаедница.

**Реализирани  Проектни  активности:**

-замена на   постоечките чешми во тоалетите со ударни чешми на мал млаз вода  и старите казанчиња со нови - штедливи казанчиња на две нивоа;

-активности за  подигнување на еколошката свест и култура за штедење на водата во училиштето, домовите и пошироко:  се одржаа предавања и истражувачки работилници за значењето и заштеда на водата во училиштето;

-печатење на едукативни матерјали за начини на штедење на водата во училиштето, семејствата- домовите;

-изработен  план и стратегија за намалување на потрошувачката на вода во училиштето;

- градење на трајни навики за заштеда на водата.

**Исходи од Проектните   активности :**

-намалена потртошувачка на вода во училиштето;

-финансиска заштеда на училиштето и помали сметки за потрошената вода;

-едуцирана училишна заедница со навики за заштеда на вода;

-заштеда на водата како природен ресурс на планетата Земја.

-Носители на сите активности од проектот беа учениците,  мотивирани и предводени од Еко-одборот и ученичката заедница.

Училиштето  и понатаму ќе се  залага  за  здрава и чиста околина, штедење на ресурсите од природата, едукација и градење на навики за заштеда, здрав живот и сигурна иднина.

**Нашата Порака до Вас:ШТЕДЕЊЕТО ВОДА НЕКА ВИ БИДЕ НАВИКА**

**ЗА ВО ИДНИНА ДА НЕ ВЕ ФАЌА ПАНИКА!**